# ИНФОРМАТИКА

Поголем дел од вас креирале своја електронска адреса и напишале домашна задача. Останатите завршете ги задачите од претходните часови, па продолжуваме понатаму.

## Заштита на идентитет и приватност

Првиот чекор во заштитата на личните информации е отварање на **безбеден профил**:

- ✓ Внимателно избери ги информациите кои во него ќе ги наведеш;
- ✓ Лозинките секогаш држи ги во тајност;
- ✓ Слики праќај само на лица на кои им веруваш;
- ✓ Блокирај ги пораките од непознати луѓе;
- ✓ Не прифаќај непознати луѓе кои бараат комуникација со тебе;
- ✓ Не прифаќај состаноци со непознати контакти;
- ✓ Преку веб камера комуницирај само со познати лица;
- ✓ Ако не работиш на Интернет, исклучи се од профилот.

**Запомни:** На интернет нема можност за враќање на информација – ако оставиш своја слика на некоја од социјалните мрежи, поната,у немаш контрола кој и како сликата ќе ја користи.

**Онлајн пазарот и банкарството** се сигурни и безбедби доколку се придржуваме на некои едноставни препораки. Доколку се купува преку Интернет треба да сме сигурни дека се работи за доверлива фирма:

- ✓ Провери дали фирмата навистина постои во релниот свет;

- ✓ Провери дали веб-локацијата е безбедна, т.е. дали постои ознаката за сигурносен катанец (padlock image) пред адресата на страната;
- ✓ Провери дали постојат јасни правила во врска со приватноста и враќање на производите.

Научи да препознаваш **лажни веб-локации и реклами** кои можат да доведат до тоа да бидеш измамен:

- ✓ обично се ветуваат големи награди, на пример, добивка на голема сума пари или бесплатни уреди, туристички бесплатни аранжмани...
- ✓ се остава лажен впечаток за итност;
- ✓ има необични детали за привлекување на внимание – се бара плаќање однапред или давање на лични податоци.

Содржините како што се **crack** и други кои можат бесплатно да се превземат од Интернет, најчесто се заразени со некој вид на злонамерен софтвер. Некои содржини на Интернет направени се така што можат да одбегнат и најсовремени антивирусни заштити. Никогаш не отварај прилози во електронската пошта која доаѓа од непознати лица.

Постојат многу веб-локации кои бараат **регистрација**. На таквите веб-локации се собираат податоци за сите корисници за нивните услуги кои подоцна можат да се користат за праќање на рекламни пораки. Но тие сервери можат да бидат нападнати од страна на хакери кои тие податоци можат да ги злоупотребат.

Многу веб-локации земаат податоци од корисниците по пат на т.н. колачиња (cookies) без нивно знаење. Малку поопширно за колачињата прочитајте на следниов линк: https://dzlp.mk/mk/cookies .

Во следната порака, најкасно до 18.04.2020, на адресата milkomh@gmail.com, ве молам објаснете ми што научивте за колачињата.

ВИ ПОСАКУВАМ УСПЕШНА РАБОТА!!!